# Отвореност на институциите кон граѓаните и доверба на граѓаните во институциите

ГРАЃАНСКИ ОРИЕНТИРАН ПРИСТАП ПРИ ИСПОРАКА НА ЈАВНИ УСЛУГИ



На самата зграда на инспекторатот за труд во една помала општина не постои никаков натпис или табла која би укажала на постоење на оваа институција. Инспекторатот се наоѓа на втор кат и до институцијата се доаѓа по два свиока. Канцелариите се недостапни за лица со попреченост, а не постои можност ниту да се контактираат по електронски пат. На веб-страницата на Државниот инспекторат за труд не постои телефон да се јавите и по телефон да пријавите повреда на работничко право или жалба од непостапување на трудовите инспектори од Делчево. Постои само телефон на кој може да пријавите работа на црно. Во делот на организациска структура наместо да ги добиете контактите на регионалните канцеларии, ќе ја најдете само биографијата на директорот. Постои и можност да пријавите и повреда на работничко право онлајн и тоа со пријавување на својот идентитет и како анонимен пријавувач. И во двата случаи немате доказ дека сте пријавиле неправилност, ситуација која ја пробавме и по која навистина нема никаква реакција.

**„Поднесов пријава до Трудовиот инспекторат, но и по две години не добив никаков одговор.“**



**Зошто не се обративте до повисока инстанца за да се пожалите на работата на некоја институција?**

**18,3% испитаници одговориле: Не верувам во институциите**


Проектот е финансиран од Европската Унија

Funded by UK Government

Центар за управување со промени

Асоцијација ЗЕНИТ

EU for YOU

Овој инфографик е изработен во рамки на проектот „Граѓански ориентиран пристап при испорака на јавните услуги“ финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Британската амбасада Скопје. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија и на Британската амбасада Скопје.